# II тема: Книжевност

## Увод во античката книжевност

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Поделба на античката книжевност

- Според јазикот, античката книжевност се дели на хеленска и римска. Хеленската книжевност била создавана на старогрчки јазик, а римската на латински.
- Според книжевни родови, античката книжевност се дели на уметничка и прозна.
- Уметнички книжевни родови: *епика, лирика и драма*
- Прозни книжевни родови: *историографија, философија, говорништво и уметничка проза*



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 2. Како се чувале книжевните дела низ времето?

- Книжевните дела во антиката се препишувале во антички препишувалници наречени *скрипториуми*.
- Не можел секој да си дозволи да пишува книжевно дело, освен ако потекнува од аристократско семејство. Папирусот бил скап и редок на античките пазари.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Зошто повеќето антички книги се фрагментарни?

- Речиси поголем дел од зачуваните антички книги се запазени во **фрагменти** (парчиња). Тоа значи дека тие се нецеловити, им недостасува текст.
- Причината што книгите биле нецелосно запазени се крие во трошноста на папирусот кој лесно се распаѓал губејќи содржини во текст.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме…

- Како се дели античката книжевност според јазикот на кој била пишувана?
- На хеленска и римска.

- Кои антички книжевни родови спаѓаат во уметничка книжевност?
- Епика, лирика и драма.

- Кои антички книжевни родови спаѓаат во прозна книжевност?
- Историографија, философија, говорништво и уметничка проза.

- Што е скрипториум?
- Просторија каде што се препишувале книжевните дела.

- Дали секој можел да си дозволи да пишува на папирус?
- Не, само припадниците на аристократските семејства. Тој бил скап на античките пазари.

- Зошто повеќето антички книги се фрагментарни?
- Зачувани се во фрагменти (парчиња) поради трошноста на папирусот со тек на време.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

## УЧИЛИШНА ЗАДАЧА:
## Откриј ги зборовите во текстот

- Хеленската книжевност била создавана на с__________ јазик, а римската на л__________.
- Книжевните дела биле п______________ во скрипториуми за да се зачуваат низ времето.
- За жал, голем дел на книгите од далечното минато се зачувани во ф______________.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND